Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë se Veriut
ОПШТИНА КУМАНОВО - KOMUNA E KUMANOVËS

Бр.-Nr. 04-7651/2
16.12.2020

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 и став 5 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 245/19 и 14/20), Записникот од административна селекција за интерен оглас бр.04-7327/6 од 14.12.2020 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со Прилог финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат бр.04-7327/7 од 14.12.2020 година, **Секретарот на Општина Куманово, на ден 16.12.2020 година, донесе**

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по интерен оглас бр.01/2020

На интерниот оглас бр.01/2020 година за вработување на административен службеник преку унапредување на работно место со шифра УПР 01 01 Б04 000, со звање и назив **Раководител на Одделение за поддршка на советот на општината** , во Сектор за поддршка на Градоначалник и совет на општината, информирање и односи со јавноста и информатичка технологија, во состав на општинската администрација на Општина Куманово, **се избира кандидатот Светислав Јовановски.**

## Образложение

Секретарот на Општина Куманово до Агенцијата за администрација, на ден 18.11.2020 година поднесе барање бр.04-7327/2 од 18.11.2020 година, за објавување на интерен оглас бр. 01/2020 за унапредување на административни службеници.

По објавување на интерниот оглас бр.01/2020 на ден 25.11.2020 година на веб-страната на Агенцијата за администрација и на веб-страната на Општина Куманово, а по спроведена административна селекција за интерен оглас со Записникот од административна селекција за интерен оглас бр.04-7327/6 од 14.12.2020 година, спроведеното интервју за административен службеник за унапредување со Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју со Прилог финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат бр.04-7327/7 од 14.12.2020 година, Секретарот на Општина Куманово согласно член 52 став 1 и став 5 од Закон за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 245/19 и 14/20) одлучи онака како во диспозитивот на одлуката.

***Правна поука:*** *Против оваа одлука, незадоволниот кандидат има право на жалба до Комисијата на Агенцијата за администрација, за одлучување по жалби и приговори во втор степен во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб-страна на институцијата.*

**Секретар на Општина Куманово**
**Александар Гелевски**

м.п